**З А П И С Н И К**
**од Сто и четиринаесеттата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 8.1.2019 година**

**Скопје, јануари 2019 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто и четиринаесеттата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 8.1.2019 година**

Седницата започна во 12:50 часот.

На седницата претседаваа претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, како и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски.

На седницата присуствуваа заменичката на претседателот на Владата на Република Македонија и министерка за одбрана, м-р Радмила Шекеринска, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, членовите на Владата на Република Македонија д-р Рената Дескоска, министерка за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Македонија на седницата присуствуваа и д-р Ширет Елези, заменичка на министерот за финансии, Благе Цветковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Асим Муса, заменик на министерот за здравство, Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура и м-р Јани Макрадули, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

На седницата присуствуваа и Миле Бошњаковски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Македонија.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика и членовите на Владата на Република Македонија д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика, Асаф Адеми,

министер за култура, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски и Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање.

*

*      *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:**

- Состојби и напредок во процесот на европска интеграција

**А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) Гости**

1. Предлог-програма за инвестиционо одржување на резиденцијалните и репрезентативните објекти и службени простории на органите на државната управа во 2019 година

2. Предлог-одлука за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка за 2018 година на Акционерското друштво за производство на електрична енергија „ТЕЦ Неготино“, во државна сопственост, Неготино

3. Годишен извештај за финансиското работење на Акционерското друштво Водостопанство на Република Македонија, во државна сопственост, Скопје за периодот од 1.1.2017 до 31.12.2017 година, со Предлог-одлука и дополнување

4. Годишна сметка на Акционерското друштво Водостопанство на Република Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2017 година и Извештај од независниот ревизор, со Предлог-одлука и дополнувања

5. Годишна инвестициона програма, Финансиски план и Програма за работа за 2019 година на ЈП Стрежево - Битола, со Предлог-одлука и табеларни прегледи

6. Одлука за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности „Хидросистем Злетовица“ - Пробиштип за 2019 година, со Предлог-одлука и дополнување

7. Годишна инвестициона програма за 2019 година, Програма за работа за 2019 година и Финансиски план за 2019 година на ЈПВ „Лисиче“ - Велес, со Предлог-одлука, табеларни прегледи и дополнувања

8. Годишна инвестициона програма за 2019 година, Програма за работа за 2019 година и Финансиски план на ЈП Службен весник на Република Македонија за 2019 година, со Предлог-одлука, табеларен преглед и дополнување

9. Годишна инвестициона програма на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта за 2019 година, со Предлог-одлука и дополнувања

10. Предлог-годишна програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2019 година

11. Бизнис план на Јавното претпријатие Македонски железници „Инфраструктура“ за 2019 година, со Инвестициона програма и Предлог-одлука

12. Годишна програма за работа и развој и Финансиски план за 2019 година на ЈП „Македонска радиодифузија“-Скопје

13. Годишна програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2019 година, со Предлог-одлука и дополнувања

14. Информација со Програма за работа за 2019 година и Финансиски план за 2019 година, на ЈП Агро-Берза-Скопје, со Предлог-одлука

15. Годишна инвестициона програма за 2019 година, со Финансиски план за 2019 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“-Скопје, со Предлог-одлука

16. Годишен извештај за работата на Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давател на услуги на воздухопловната навигација за 2017 година, со Годишната сметка за 2017 година, Годишен финансиски извештај со Завршна сметка за 2017 година, Ревизорски извештај, Предлог-одлуки и дополнување

17. Годишна програма за давање на услуги во воздухопловната навигација на „М-НАВ“ АД - Скопје за 2019 година, со Предлог-одлука и дополнување

18. Годишен финансиски план и Инвестициона програма на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД - Скопје за 2019 година, со Предлог-одлука и дополнувања

19. Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за посебните барања за безбедност и хигиена и начинот и постапката на вршење на службените контроли на млекото и млечните производи, со Предлог-одлука

20. Предлог-програма за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2019 година

21. Предлог-програма за мониторинг на безбедноста на храната во Република Македонија за 2019 година

22. Информација за состојбата со бруцелоза кај овците и козите во Република Македонија во период од 2016-2018 година со предлог за донесување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за сузбивање и искоренување на бруцелоза кај овците и козите за период од 2016 до 2020 година, со Предлог-програма

23. Предлог-програма за користење на средствата за ветеринарно јавно здравство во 2019 година

24. Предлог-програма за мониторинг за безбедност на храна за животни за 2019 година

25. Годишен план за работа за 2019 година на Агенција за храна и ветеринарство, со Предлог-одлука

26. Предлог-програма за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија во 2019 година

27. Информација по одлуките за утврдување на работите од премерот во функција на запишување недвижности сопственост на Република Македонија, со прилози

28. Предлог-годишна програма на Националната инфраструктура на просторните податоци за 2019 година

29. Програма за работа, Инвестициона програма на Централен регистар на Република Македонија за 2019 година и Финансиски план на Централен регистар на Република Македонија за 2019 година, со Предлог-одлука и дополнувања

30. Финансиски план на Фондот за осигурување на депозити за 2019 година и Програма за работа на Фондот за осигурување на депозити за 2019 година, со Предлог-одлука

31. Предлог-програма за управување, уредување и одржување на објектите на граничните премини за патен сообраќај за 2019 година

32. Предлог-одлука за запишување на право на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижностите ДП.бр.03-136/18

33. Предлог-одлука за запишување на право на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижностите ДП.бр.03-151/18

34. Предлог-одлука за запишување на право на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижностите ДП.бр.03-138/18

35. Предлог-одлука за запишување на право на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижностите ДП.бр.03-137/18

36. Предлог-одлука за запишување на право на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижностите ДП.бр.03-865/18

37. Годишен план за работа на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации за 2019 година и Табеларен преглед на оперативен план на активности на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации за 2019 година

38. Предлог-одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на судските службеници за 2019 година

39. Предлог-одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на судската полиција за 2019 година

40. Предлог-одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на јавнообвинителските службеници за 2019 година

41. Деловник и Финансиски извештај на организацијата од јавен интерес - Македонско здружение за заштита и спасување во планина и непристапен терен „Асклепиј“-Скопје

42. Предлог-одлука за пренесување во сопственост недвижни ствари на Општина Крива Паланка.

**б) Економски систем и тековна економска политика**

43. Предлог-програма за управување со водите за 2019 година

44. Предлог-програма за инвестирање во животната средина за 2019 година

45. Предлог-програма за инвестиции во животната средина за 2019 година

46. Информација за основање на туристичка развојна зона - Матка во Општина Сарај

47. Информација во врска со постапката за доделување на концесија за вршење на детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетот „Краста“ с.Бешиште, Општина Прилеп, со Предлог-одлуки

48. Информација за спојување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - руди на бакар и злато на локалитетот „с. Иловица“, Општина Босилово, со концесијата за експлоатација на минерална суровина - бакар и злато на локалитетот „Иловица“, Општина Босилово и Општина Ново Село на Друштвото за производство, промет и услуги „Еуромакс ресоурцес“ ДОО Скопје, со Предлог-одлука

49. Информација во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел „Глам“, Скопје, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

50. Информација во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел Лондон, Скопје, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

**в) Политички систем**

51. Предлог-програма за финансирање на изградба, реконструкција, одржување на објекти и опремување на казнено - поправните и воспитно - поправните установи за 2019 година

52. Предлог-програма за работа на Владата на Република Македонија за 2019 година

53. Предлог-програма за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2019 година

54. Предлог-програма за печатење и дистрибуција на печатените медиуми за 2019 година

55. Предлог-програма за финансирање на проекти од областа на дијаспората за 2019 година

56. Предлог за отворање на Почесен конзулат на Република Македонија во Швајцарската Конфедерација, со седиште во Луцерн, со Предлог-одлука

57. Предлог за именување на почесен конзул на Република Македонија во Швајцарската Конфедерација, со седиште во Луцерн, со Предлог-решение

58. Информација за отворање Почесен конзулат на Република Албанија во Република Македонија, со седиште во Битола, со Предлог-одлука

59. Информација за давање на согласност за именување на почесен конзул на Република Албанија во Република Македонија, со седиште во Битола, со Предлог-одлука

60. Информација за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Македонија заради изведување на вежбовна активност, со Предлог-одлука

61. Предлог-одлука за формирање на Национален совет за информациски и комуникациски технологии и сајбер безбедност

62. Информација во врска со поднесената иницијатива од Здружението на пензионираните работници од органите за внатрешни работи на Република Македонија за донесување на Закон за дополнување на Законот за внатрешни работи, кој се однесува на престанокот на работниот однос заради исполнет услов за стекнување со право на старосна пензија

**г) Човечки ресурси и одржлив развој**

63. Предлог-програма за изградба и реконструкција на основни училишта за 2019 година

64. Предлог-програма за изградба и реконструкција на средни училишта за 2019 година

65. Предлог-програма за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2019 година

66. Предлог-програма за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2019 година

67. Предлог-програма за научно-истражувачката дејност за 2019 година

68. Предлог-програма за обезбедување средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) за пензионери и за обезбедување на средства за специјалистичко-консултативни и болнички здравствени услуги за корисниците на правото на социјална парична помош, како и на членовите на нивните домаќинства во Република Македонија за 2019 година

69. Предлог-програма за задолжително здравствено осигурување на државјаните на Република Македонија кои не се задолжително здравствено осигурени за 2019 година

70. Предлог-програма за систематски прегледи на учениците и студентите во Република Македонија за 2019 година

71. Предлог-програма за активна здравствена заштита на мајките и децата во Република Македонија за 2019 година

72. Предлог-програма за превенција на кардиоваскуларни болести (КВБ) во Република Македонија за 2019 година

73. Предлог-програма „Здравје за сите“ за 2019 година

74. Предлог-програма за испитување на појавата, спречување и сузбивање на бруцелозата кај населението во Република Македонија за 2019 година

75. Предлог-програма за лекување на ретки болести во Република Македонија за 2019 година

76. Предлог-програма за обезбедување инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење шеќер и едукација за третман и контрола на дијабетесот за 2019 година

77. Предлог-програма за задолжителна имунизација на населението во Република Македонија за 2019 година

78. Предлог-програма за здравствена заштита на лица со болести на зависности во Република Македонија за 2019 година

79. Предлог-програма за партиципација при користењето на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Македонија за 2019 година

80. Предлог-програма за организирање и унапредување на крводарителството во Република Македонија за 2019 година

81. Предлог-програма за заштита на населението од ХИВ инфекција во Република Македонија за 2019 година

82. Предлог-програма за превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението во Република Македонија за 2019 година

83. Предлог-програма за трансплантација во Република Македонија за 2019 година

84. Предлог-програма за здравствена заштита на лица со душевни растројства во Република Македонија за 2019 година

85. Предлог-програма за рана детекција на малигни заболувања во Република Македонија за 2019 година

86. Предлог-програма за обезбедување на трошоците за болни кои се третираат со дијализа и активности за пациентите со хемофилија во Република Македонија за 2019 година

87. Предлог-програма за едукација на лекари и медицински персонал, за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени, како и за спроведување на обуки за вршење преглед на умрени лица за 2019 година

88. Предлог-национална годишна програма за јавно здравје во Република Македонија за 2019 година

89. Предлог-програма за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2019 година

90. Предлог-програма за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица за 2019 година

91. Информација за потребата од задолжителна инклузија на децата со лесна психичка попреченост во редовните училишта во Република Македонија

92. Одлука за дополнување на Одлуката за утврдување на коефициенти и вредноста на коефициентот за пресметување на платите на директорите во националните установи од областа на културата, со Предлог-одлука

**Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА**

**а) Економски систем и тековна економска политика**

93. Предлог-решение за изменување на Решението за именување членови и нивни заменици за Комисијата за извоз на стоки и технологии со двојна употреба

**б) Политички систем**

94. Предлог-одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на припадниците на затворската полиција за 2019 година

95. Предлог-одлука за отстапување на екстра лесно гориво од стоковните резерви на Министерството за внатрешни работи и Предлог-одлука за издавање на краткотрајна позајмица на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Министерството за внатрешни работи

96. Барање на Букурије Тахири, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

97. Барање на Асан Ибраими, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

**в) Човечки ресурси и одржлив развој**

98. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за труд и социјална политика

**г) Предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) По барање на Собранието на Република Македонија**

99. Статут на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (I фаза)

100. Барање за давање на автентично толкување на член 85 став 1 од Законот за административни службеници, поднесено од градоначалникот на Општина Охрид

101. Финансиски план на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2019 година и Одлуката за висината на месечниот надомест што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од пензиските друштва за 2019 година

**(б) По барање на органи, организации и други правни лица**

102. Статут на Универзитет „Американ Колеџ“ - Скопје

103. Статут на „Бизнис академија Смилевски - БАС“ - Скопје

104. Статут на Факултетот за исламски науки - Скопје

105. Понуда од нотар Сашо Клисароски од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.3358 за КО Драчево 2 за КП бр.9313

106. Понуда од нотарка Ана Јолакоска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 2568 за КО Јурумлери на КП бр.153, место викано Н. Г. Делчев ул. „203“ бр.39

107. Понуда од нотарка Ленче Т. Каранфиловска од Штип, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.62 за КО Софилари на КП бр.30/3, КП бр.26/4, КП 26/5, КП бр.301/1, КП бр.30/2, КП бр.26/1, КП бр.26/3 и КП бр.26/6, место викано Преку Река

108. Понуда од нотарка Ана Јолакоска за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.36948 за КО Ѓорче Петров 1 Ново Село на КП бр.1751/1 викано место Ново Село

**д) Други предлози**

109. Предлог-одговор на пратеничко прашање од Жаклина Лазаревска, пратеник во Собранието на Република Македонија поставено меѓу две седници на Собранието на Република Македонија, односно на 10 декември 2018 година

110. Кадровски прашања

111. Прашања и предлози

**В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

112. Извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта за периодот јули - септември 2018 година, со дополнувања

113. Годишен извештај за реализација на Годишната програма за стопанисување со пасишта за 2016 година, со дополнувања

114. Годишна програма со Финансиски план на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта за 2019 година, со дополнувања

115. Извештај за работата на ЈП Хидросистем „Злетовица" Пробиштип за период од 1.7.2018 година до 30.9.2018 година, со дополнување

116. Извештај за финансиското работење на Акционерското друштво Водостопанство на Република Македонија, во државна сопственост, Скопје за периодот од 1.10.2017 до 31.12.2017 година, со дополнување

117. Извештај за финансиското работење на Акционерското друштво Водостопанство на Република Македонија, во државна сопственост, Скопје за периодот од 1.1.2018-31.3.2018 година, со дополнувања

118. Годишна програма за работа на Акционерското друштво Водостопанство на Република Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2019 година, со дополнувања

119. Финансиски план на Акционерското друштво Водостопанство на Република Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2019 година

120. Инвестициона програма на Акционерското друштво Водостопанство на Република Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2019 година

121. Известување на МЖ „Транспорт" АД, во државна сопственост, за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за ноември 2018 година

122. Тримесечен извештај за работата на „М-НАВ" АД - Скопје, за периодот јули-септември 2018 година

123. Тримесечен извештај за финансиското работење на АД „Македонска информативна агенција" - Скопје, во државна сопственост, за периодот од 1.1.2018 до 31.3.2018 година

124. Тримесечен извештај за финансиското работење на АД „Македонска информативна агенција" - Скопје, во државна сопственост, за периодот од 1.4.2018 до 30.6.2018 година

125. Годишен план за работата на АД „Македонска информативна агенција" - Скопје во државна сопственост за 2019 година

126. Финансиски план на АД „Македонска информативна агенција" - Скопје во државна сопственост за 2019 година, со дополнување

127. Годишна инвестициска програма на АД „Македонска информативна агенција" - Скопје во државна сопственост за 2019 година

128. Годишен извештај за реализација на програмите за финансиска поддршка во земјоделството, руралниот развој и рибарство со аквакултура за 2017 година и ИПАРД Програмата

129. Полугодишен извештај за реализација на програмите за финансиска поддршка во земјоделството, руралниот развој и рибарство со аквакултура и ИПАРД Програмата за 2018 година (за периодот 1.1.-30.6.2018 година)

130. Информација во врска со Финансиски план на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје од 1.1.2019 година до 31.12.2019 година, со Финансиски план на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје од 1.1.2019 година до 31.12.2019 година, Преглед на инвестициони активности и дополнувања кон материјалот

131. Годишната програма за работа, Финансиски план и Годишна инвестициона програма на МЕР АД Скопје за 2019 година

132. Финансиски план на АД „Аеродроми на Македонија", Скопје за 2019 година, со дополнување

133. Финансиски план, Годишна инвестициска програма и Годишен план за јавни набавки на АД Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2019 година, со дополнувања

134. Програма за контрола и превентива на одделни физички, хемиски и биолошки опасности во определени видови или категории храна за 2019 година

135. Програма за работа на Инспекциски совет за 2019 година

136. Годишен финансиски план за 2019 година на Државниот инспекторат за труд

137. Годишна програма за работа на Државен просветен инспекторат за 2019 година

138. Годишна програма за работа на Државниот санитарен и здравствен инспекторат за 2019 година

139. Програма за работа на Дирекцијата за заштита и спасување за 2019 година

140. Информација за Годишен финансиски план за 2019 година на Јавната установа „Центар за образование на возрасните" - Скопје, со текст на Годишен финансиски план за 2019 година

141. Програма за работа на Државниот испитен центар за 2019 година, со Финансиски план за реализација на активностите во Програма за работа на Државниот испитен центар за 2019 година, согласно Буџетот за 2019 година

142. Годишна програма за работа на Центарот за стручно образование и обука за 2019 година, со Финансиски план за реализација на активностите од Годишната програма за работа за 2019 година, согласно одобрениот буџет на Центарот за 2019 година

143. Информација во врска со реализацијата на Проектот „Модернизација на четири стадиони"

144. Барање за поддршка на меѓуопштинската иницијатива за подобрување на отпорноста кон поплавите во Полошкиот Регион (општините во рамките на полошкиот плански регион)

145. Информација на Управата за јавни приходи за прогресот на проектот „Листа на должници“ за периодот јули - декември 2017 година и јануари - јуни 2018 година

146. Информација за реализација на активностите за доизградба на канализационата мрежа во Ѓорче Петров

147. Програма за обесштетување на дете кое е жртва или е оштетено со дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство, за 2019 година

148. Информација за реализираниот Проект за користење услуга за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за лето 2018 година

149. Информација за прогрес на имплементираните проекти од Стратегијата за Роми 2014-2020 во Министерството за труд и социјална политика (јуни - ноември 2018 година)

**Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ**

150. Информација од претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражните постапки произлезени од меѓународните договори во врска со новата поведена арбитражна постапка против Република Македонија од страна на EL.PET.BALKANIKI, „Societe Anonyme Petroleum and Investment“ од Грција

151. Предлог-одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2019 година

152. Информација за распределба на средства од Буџетот на Република Македонија за 2019 година, алоцирани во раздел 13001 - Министерство за транспорт и врски, потпрограма - поддршка на имплементација на Декадата и Стратегијата за Ромите, со Предлог-одлука

*

*        *

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:**

- **Состојби и напредок во процесот на европска интеграција**

Заменикот на претседателот на Владата, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи ги информираше членовите на Владата за мерките содржани во Планот 18, кои се со поминат рок за реализација.

По овој повод, Владата ги задолжи Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за финансии, Секретаријатот за европски прашања и Националниот координатор за борба против тероризам и спречување насилен екстремизам да ги завршат и достават мерките од Планот 18 кои се со рок ноември/декември 2018 година, најдоцна до 11.1.2019 година, а доколку не се во можност за причините за истото да го информираат Секретаријатот за европски прашања.

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за инвестиционо одржување на резиденцијалните и репрезентативните објекти и службени простории на органите на државната управа во 2019 година и заклучи условно да ја донесе Програмата со заклучок Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија и Секретаријатот за европски прашања да извршат усогласување во врска со потребните средства за одржување/санација на зградата на поранешна Комерцијална банка во која сега е сместен Секретаријатот за европски прашања и да предложат соодветно решение за обезбедување на истите (или во Програмата или од други извори), со цел да се реализира потребата на Секретаријатот за европски прашања.

**Точка 2**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка за 2018 година на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино, во предложениот текст.

**Точка 3**

Владата по Годишниот извештај за финансиското работење на Акционерското друштво Водостопанство на Република Македонија, во државна сопственост, Скопје за периодот од 1.1.2017 до 31.12.2017 година, со дополнувањето, го донесе најновиот текст на Одлуката за одобрување на Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво Водостопанство на Република Македонија, во државна сопственост, Скопје за период од 1.1.2017 до 31.12.2017 година, во предложениот текст.

**Точка 4**

Владата по Годишната сметка на Акционерското друштво Водостопанство на Република Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2017 година, со Извештај од независниот ревизор, со дополнувањата, го донесе најновиот текст на Одлуката за одобрување на Годишната сметка на Акционерското друштво „Водостопанство на Република Македонија“, во државна сопственост, Скопје за 2017 година, во предложениот текст.

## Точка 5

Владата по Годишната инвестициона програма, Финансискиот план и Програмата за работа за 2019 година на ЈП „Стрежево“ - Битола, со табеларни прегледи и Предлог-одлука, заклучи:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Годишната инвестициона програма на Јавното претпријатие „Стрежево“ - Битола за 2019 година, во предложениот текст.

2. Ги разгледа Финансискиот план и Програмата за работа за 2019 година на ЈП „Стрежево“ - Битола, како материјал за информирање.

Истовремено се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство со Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2019 година да предвиди и за ЈП „Стрежево“ - Битола, ЈП „Лисиче“ - Велес и ЈП ХС „Злетовица“ - Пробиштип ист статус како другите водостопански претпријатија во Република Македонија, согласно Законот за водостопанство, односно корисниците на директни плаќања да се стекнат со право на истите само доколку достават документи за платен надомест за вода користена од овие претпријатија.

## Точка 6

Владата по Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“ - Пробиштип за 2019 година и дополнувањето ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“-Пробиштип за 2019 година, во предложениот текст.

## Точка 7

Владата по најновиот текст на Годишната инвестициона програма за 2019 година, Програмата за работа за 2019 година и Финансискиот план за 2019 година на ЈПВ „Лисиче“ - Велес, со Предлог-одлука, табеларни прегледи и дополнувања кон материјалот, заклучи:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Годишната инвестициона програма за 2019 година на ЈПВ „Лисиче“ - Велес, во предложениот текст.

2. Ги разгледа новите текстови на Програмата за работа за 2019 година и Финансискиот план за 2019 година на ЈПВ „Лисиче'“ - Велес, како материјали за информирање.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2019 година да предвиди 13.800.000,00 денари за реализирање на Инвестиционата програма на ЈПВ „Лисиче“ - Велес, со цел да може да се искористи кредитот од „KfW“ банката.

**Точка 8**

Владата по најновиот текст на Годишната инвестициона програма за 2019 година, Програмата за работа за 2019 година и Финансискиот план на ЈП „Службен весник на Република Македонија“ за 2019 година, со Предлог-одлука, табеларен преглед и дополнување кон материјалот, заклучи:

1. Го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Годишната инвестициона програма на ЈП „Службен весник на Република Македонија“ за 2019 година“, во предложениот текст.

2. Ги разгледа Програмата за работа за 2019 година и Финансискиот план на ЈП Службен весник на Република Македонија за 2019 година, како материјали за информирање.

Истовремено, Владата ги задолжи Министерството за финансии и Министерството за транспорт и врски, во рок од 15 дена во владина постапка да ги достават Предлог-законот за изменување на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост и Предлог-законот за изменување на Законот за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Македонија, потребни за реализација на програмите за работа на ЈП „Службен весник на Република Македонија“, Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје и Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, а поврзано со продажбата на деловен простор, сопственост на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје.

**Точка 9**

Владата по Годишната инвестициона програма на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта за 2019 година, со дополнувања кон материјалот и Предлог-одлука, го донесе најновиот текст Одлуката за давање согласност на Годишна инвестициона програма за 2019 година на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта.

**Точка 10**

Владата го донесе новиот текст на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата по новиот текст на Бизнис планот на Јавното претпријатие Македонски железници - „Инфраструктура“ за 2019 година, со Инвестициона програма и Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за давање согласност на Инвестиционата програма за период 2019-2021 година и Финансиската програма за 2019 година на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Македонски железници“ - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Годишната програма за работа и развој и Финансискиот план за 2019 година на ЈП „Македонска радиодифузија“-Скопје

поради потребата предлагачот да постапи согласно укажувањата изнесени во Извештајот на Комисијата за економски систем и тековна економска политика и да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 13**

Владата по Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2019 година, со дополнувања кон материјалот и Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишна програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата со Програма за работа за 2019 година и Финансиски план за 2019 година, на ЈП „Агро-Берза“-Скопје, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Финансискиот план на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро берза Скопје за 2019 година.

**Точка 15**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Годишната инвестициона програма за 2019 година, со Финансиски план за 2019 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“- Скопје, со Предлог-одлука, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата предлагачот да постапи по извештајот од Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 16**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давател на услуги на воздухопловната навигација за 2017 година, со Годишната сметка за 2017 година, Годишен финансиски извештај со Завршна сметка за 2017 година, Ревизорски извештај, Предлог-одлуки и дополнување кон материјалот и ги донесе:

1. Најновиот текст на Одлуката за одобрување на Годишниот финансиски извештај со Завршната сметка, Ревизорскиот извештај и Годишниот извештај за работата за 2017 година на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација „М-НАВ“ АД - Скопје, во предложениот текст.

2. Најновиот текст на Одлуката за распределба на добивката по Годишната сметка за 2017 година на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација „М-НАВ“ АД - Скопје, во предложениот текст.

Министерката за правда, д-р Рената Дескоска се иззема од расправата и одлучувањето по овој материјал.

**Точка 17**

Владата по Годишната програма за давање на услуги во воздухопловната навигација на „М-НАВ“ АД - Скопје за 2019 година, со дополнување и Предлог-одлука го донесе новиот текст на Одлуката за одобрување на Програмата за давање на услуги на воздухопловната навигација за 2019 година на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација „М-НАВ“ АД - Скопје, во предложениот текст.

Министерката за правда, д-р Рената Дескоска се иззема од расправата и одлучувањето по овој материјал.

**Точка 18**

Владата по новиот текст на Годишниот финансиски план и Инвестиционата програма на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација „М-НАВ“ АД - Скопје за 2019 година, со дополнувања и Предлог-одлука го донесе новиот текст на Одлуката за одобрување на Годишниот финансиски план за 2019 година на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација „М-НАВ“ АД - Скопје, во предложениот текст.

Истовремено, Владата го разгледа новиот текст на Инвестиционата програма на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација „М-НАВ“ АД - Скопје за 2019 година, како материјал за информирање.

Министерката за правда, д-р Рената Дескоска се иззема од расправата и одлучувањето по овој материјал.

**Точка 19**

Владата по Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за посебните барања за безбедност и хигиена и начинот и постапката на вршење на службените контроли на млекото и млечните производи ја донесе Одлуката за давање на согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за посебните барања за безбедност и хигиена и начинот и постапката на вршење на службените контроли на млекото и млечните производи, во предложениот текст.

**Точка 20**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 21**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за мониторинг на безбедноста на храната во Република Македонија за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 22**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за состојбата со бруцелоза кај овците и козите во Република Македонија во период од 2016-2018 година со предлог за донесување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за сузбивање и искоренување на бруцелоза кај овците и козите за период од 2016 до 2020 година, со Предлог-програма, ја усвои Информацијата и ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за сузбивање и искоренување на бруцелоза кај овците и козите за период од 2016 до 2020 година, со заклучок до потпишување на Програмата предлагачот да се усогласи со Секретаријатот за законодавство по текстот на Предлог-програмата.

**Точка 23**

Владата ја донесе Програмата за користење на средствата за ветеринарно јавно здравство во 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 24**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за мониторинг за безбедност на храна за животни за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 25**

Владата го разгледа новиот текст на Годишниот план за работа за 2019 година на Агенција за храна и ветеринарство и го донесе новиот текст на Одлуката за одобрување на Годишниот план за работа за 2019 година на Агенцијата за храна и ветеринарство, во предложениот текст.

**Точка 26**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија во 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата по одлуките за утврдување на работите од премерот во функција на запишување недвижности сопственост на Република Македонија, со прилози (нов текст), ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за транспорт и врски во рок од 30 дена да предложи решение за надминување на проблемот со објектите кои не претставуваат функционални целини и како такви согласно законската регулатива не може да бидат запишани во Катастарот на недвижности.

**Точка 28**

Владата ја донесе Годишната програма за Националната инфраструктура на просторните податоци за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 29**

Владата по Програмата за работа, Инвестиционата програма на Централен регистар на Република Македонија за 2019 година и Финансискиот план на Централен регистар на Република Македонија за 2019 година, со Предлог-одлука и дополнувања, заклучи:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Финансискиот план на Централен регистар на Република Македонија за 2019 година со заклучок: во членот 2 од Одлуката зборовите „а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2019 година“ да изостанат.

2. Ги разгледа Програмата за работа и Инвестициона програма на Централен регистар на Република Македонија за 2019 година, како материјали за информирање.

**Точка 30**

Владата по Финансискиот план на Фондот за осигурување на депозити за 2019 година и Програмата за работа на Фондот за осигурување на депозити за 2019 година, со Предлог-одлука ги донесе следните заклучоци:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за потврдување на Финансискиот план на Фондот за осигурување на депозити за 2019 година, во предложениот текст.

2. Ја разгледа Програмата за работа на Фондот за осигурување на депозити за 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 31**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за управување, уредување и одржување на објектите на граничните премини за патен сообраќај за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 32**

Владата на предлог на предлагачот го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог-одлуката за запишување на право на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижностите ДП.бр.03-136/18, поради потребата да се обезбеди ново мислење од Агенцијата за катастар на недвижности по новиот текст на Предлог-одлуката.

Предметниот материјал претходно да се разгледа на наредната седница на Комисијата за политички систем.

**Точка 33**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на право на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижностите ДП.бр.03-151/18, со заклучок истата номотехнички да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 34**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за запишување на право на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижностите ДП.бр.03-138/18, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата Агенцијата за катастар на недвижности да достави ново мислење по новиот текст на Предлог-одлуката.

**Точка 35**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности ДП.бр.03-137/18 за наредната седница на Владата откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата Агенцијата за катастар на недвижности да достави ново мислење по новиот текст на Предлог-одлуката.

**Точка 36**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на право на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижностите ДП.бр.03-865/18, во предложениот текст.

**Точка 37**

Владата го разгледа и усвои Годишниот план за работа на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации за 2019 година и Табеларен преглед на оперативен план на активности на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации за 2019 година.

**Точка 38**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на судските службеници за 2019 година, согласно укажувањата на Министерството за финансии, во насока вредноста на бодот за пресметување на платите на судските службеници за периодот од 1.1.2019 година до 31.8.2019 година да изнесува 77,24 денари, а за периодот од 1.9.2019 година до 31.12.2019 година да изнесува 81,10 денари.

**Точка 39**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на судската полиција за 2019 година, согласно укажувањата на Министерството за финансии, во насока вредноста на бодот за пресметување на платите на судската полиција за периодот од 1.1.2019 година до 31.8.2019 година да изнесува 77,24 денари, а за периодот од 1.9.2019 година до 31.12.2019 година да изнесува 81,10 денари.

**Точка 40**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на јавнообвинителските службеници за 2019 година, согласно укажувањата на Министерството за финансии, во насока вредноста на бодот за пресметување на платите

на јавнообвинителските службеници за периодот од 1.1.2019 година до 31.8.2019 година да изнесува 77,24 денари, а за периодот од 1.9.2019 година до 31.12.2019 година да изнесува 81,10 денари.

**Точка 41**

Владата ги разгледа и усвои коригираниот Деловник и Финансискиот извештај на организацијата од јавен интерес - Македонско здружение за заштита и спасување во планина и непристапен терен „Асклепиј"-Скопје.

**Точка 42**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за пренесување во сопственост недвижни ствари на Општина Крива Паланка, во предложениот текст.

**Точка 43**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за управување со водите за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 44**

Владата го донесе новиот текст на  Програмата за инвестирање во животната средина за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 45**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за инвестиции во животната средина за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 46**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата за основање на туристичка развојна зона - Матка во Општина Сарај, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата од дополнителни усогласувања со Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Република Македонија.

**Точка 47**

Владата го одложи за втората наредната седница разгледувањето на Информацијата во врска со постапката за доделување на концесија за вршење на детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетот „Краста" с. Бешиште, Општина Прилеп, со Предлог-одлуки, поради потребата Министерството за животна средина и просторно планирање да достави ново прецизно (позитивно или негативно) мислење по истата.

Предметниот материјал претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 48

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за спојување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - руди на бакар и злато на локалитетот „с. Иловица“, Општина Босилово, со концесијата за експлоатација на минерална суровина - бакар и злато на локалитетот „Иловица“, Општина Босилово и Општина Ново Село на Друштвото за производство, промет и услуги „Еуромакс ресоурцес“ ДОО Скопје, со Предлог-одлука за наредната седница на Владата, со заклучок во рок од седум дена Министерството за економија да подготви и до Владата да достави информација за состојбата со исполнетоста на условите за добивање на дозвола за експлоатација на минерална суровина - бакар и злато на локалитетот „Иловица“, Општина Босилово и Општина Ново Село на Друштвото за производство, промет и услуги „Еуромакс ресоурцес“ ДОО Скопје.

## Точка 49

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел „Глам“, Скопје, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел „Глам“ - Скопје, со седиште на ул. „Иван Милутиновиќ“ бр. 14А, Скопје - хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди), во предложениот текст.

## Точка 50

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел „Лондон“, Скопје, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел „Лондон“ - Скопје, со седиште на ул. „Никола Вапцаров“ бр. 1 А2-2/влез 1, Скопје - хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди, супериор), во предложениот текст.

## Точка 51

Владата ја донесе Програмата за финансирање на изградба, реконструкција, одржување на објекти и опремување на казнено - поправните и воспитно - поправните установи за 2019 година, во предложениот текст.

## Точка 52

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2019 година и условно ја донесе Програмата, со следниве забелешки и укажувања:

1. Во текстот на Програмата:

- на страна 24 и 25 - Предлог-закон за идентификација и регистрација на животните;
- на страна 32 и 33- Предлог-закон за нус-производи од животинско потекло (нов);
- на страна 33 и 34 - Предлог-закон за безбедност на храната за животни (нов);
- на страна 90 и 91 - Предлог-закон за здравствена заштита на животните;

предлагач на законите (носител на активноста) да биде Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, а Агенцијата за храна и ветеринарство да биде испишана подолу со ситни букви.

2. Во текстот на Програмата, Предлог-законот за технички прописи е содржан и на стр.31 и на стр.32, поради што е потребно да се спои во една иницијатива.

3. Во текстот на Програмата на страна 413, во Иницијативата за подобрување на регулативата за инвестициска клима за странските компании (инвеститори), во образложението да се избришат зборовите „(три договори)“.

4. Програмата за работа на Владата да се усогласи со Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија и Планот 18.

По овој повод, се задолжува Секретаријатот за европски прашања, до крајот на јануари 2019 година до Владата да ја достави на усвојување предлог Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија.

Истовремено, се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, при подготовка на следна програма за работа на Владата за соодветната година, да изработи нов формат за подготовка на програмата во кој табеларно и прегледно ќе бидат прикажани иницијативите кои ќе бидат разработени по приоритети по месеци, квартално, полугодишно, по предлагачи, со детално наведени законски и подзаконски акти, ЕУ мерки и приоритети од НПАА, можност за пребарување по секции и сл.

**Точка 53**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 54**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Предлог-програмата за печатење и дистрибуција на печатените медиуми за 2019 година, на барање на предлагачот, за некоја од наредните седници на Владата.

**Точка 55**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за финансирање на проекти од областа на дијаспората за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 56**

Владата го разгледа Предлогот за отворање на Почесен конзулат на Република Македонија во Швајцарската Конфедерација, со седиште во Луцерн, со Предлог-одлука, го прифати Предлогот и ја донесе Одлуката за отворање на Почесен конзулат на Република Македонија во Швајцарската Конфедерација, со седиште во Луцерн, во предложениот текст.

**Точка 57**

Владата го разгледа Предлогот за именување на почесен конзул на Република Македонија во Швајцарската Конфедерација, со седиште во Луцерн, со Предлог-решение, го прифати Предлогот и го донесе Решението за именување на почесен конзул на Република Македонија во Швајцарската Конфедерација, со седиште во Луцерн, во предложениот текст.

**Точка 58**

Владата ја разгледа Информацијата за отворање на Почесен конзулат на Република Албанија во Република Македонија, со седиште во Битола, со Предлог-одлука ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за отворање на Почесен конзулат на Република Албанија во Република Македонија, со седиште во Битола, во предложениот текст.

**Точка 59**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за именување на почесен конзул на Република Албанија во Република Македонија, со седиште во Битола, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за именување на почесен конзул на Република Албанија во Република Македонија, со седиште во Битола, во предложениот текст.

**Точка 60**

Владата ја разгледа Информацијата за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Македонија заради изведување на вежбовна активност, со Предлог-одлука и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Македонија заради изведување на вежбовна активност, во предложениот текст.

2. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи - Гранична полиција и Министерството за финансии - Царинска управа, да преземат мерки за непречен премин на припадниците на КФОР стационирани во Република Косово, на државната граница на Република Македонија.

**Точка 61**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за формирање на Национален совет за информациски и комуникациски технологии и сајбер безбедност со следните заклучоци:

1. Во член 2 зборовите „13 членови“, се заменуваат со зборовите „12 членови“.

2. Во член 3, во точката 3 и во точката 4, алинеите 6 да се избришат (на барање на Министерството за финансии, се бришат членот - министер за финансии и неговиот заменик - заменик на министерот за финансии од Националниот совет за информациски и комуникациски технологии и сајбер безбедност).

## Точка 62

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената иницијатива од Здружението на пензионираните работници од органите за внатрешни работи на Република Македонија за донесување на Закон за дополнување на Законот за внатрешни работи, кој се однесува на престанокот на работниот однос заради исполнет услов за стекнување со право на старосна пензија (нов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика во рок од 15 дена од усвојувањето на оваа информација да формира работна група составена од претставници од Министерството за труд и социјална политика, Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии и Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

2. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи и Министерството за финансии, а се укажува на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија во рок од пет дена од усвојувањето на оваа информација да достават номинација на свој претставник во работната група до Министерството за труд и социјална политика.

3. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика во рок од три месеци да достави информација до Владата за извршената анализа на бројот на осигуреници на Министерството за внатрешни работи приматели на пензија со која се стекнале во периодот од 1.1.1994 година до 20.3.2010 година, утврдените потребни финансиски средства за реализација на барањето, како и начинот на обезбедување на истите, потребата од измена на конкретни закони кои ја регулираат предметната материја со можност за усогласување на пензиите од денот на стапување во сила на законот, а не со ретроактивна примена.

## Точка 63

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2019 година, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој, поради потребата Министерството за образование и наука во прилог на материјалот да достави податоци за целокупната инвестициска активност во делот на изградба и реконструкција на основни училишта (со сите податоци одделно по проекти - реална можност, дозвола за градба, парцела за градење, реконструкција, износ на средства, фаза на реализација, начин на плаќање и сл.).

## Точка 64

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-програмата за изградба и реконструкција на средни училишта за 2019 година, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој, поради потребата Министерството за образование и наука во прилог на материјалот да достави податоци за целокупната инвестициска активност во делот на изградба и реконструкција на средни училишта (со сите податоци одделно по проекти - реална можност, дозвола за градба, парцела за градење, реконструкција, износ на средства, фаза на реализација, начин на плаќање и сл.).

**Точка 65**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 66**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 67**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за научно - истражувачката дејност за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 68**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за обезбедување средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) за пензионери и за обезбедување на средства за специјалистичко-консултативни и болнички здравствени услуги за корисниците на правото на социјална парична помош, како и на членовите на нивните домаќинства во Република Македонија за 2019 година.

**Точка 69**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за задолжително здравствено осигурување на државјаните на Република Македонија кои не се задолжително здравствено осигурени за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 70**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за систематски прегледи на учениците и студентите во Република Македонија за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 71**

Владата ја донесе Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата во Република Македонија за 2019 година, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Програмата со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 72**

Владата ја донесе Програмата за превенција на кардиоваскуларни болести (КВБ) во Република Македонија за 2019 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 73**

Владата го донесе новиот текст на Програмата „Здравје за сите“ за 2019 година.

**Точка 74**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за испитување на појавата, спречување и сузбивање на бруцелозата кај населението во Република Македонија во 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 75**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за лекување на ретки болести во Република Македонија за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 76**

Владата ја донесе Програмата за обезбедување инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење шеќер и едукација за третман и контрола на дијабетесот за 2019 година (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 77**

Владата ја донесе Програмата за задолжителна имунизација на населението во Република Македонија за 2019 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 78**

Владата ја донесе Програмата за здравствена заштита на лица со болести на зависности во Република Македонија за 2019 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 79**

Владата ја донесе Програмата за партиципација при користењето на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Македонија за 2019 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 80**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за организирање и унапредување на крводарителството во Република Македонија за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 81**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за заштита на населението од ХИВ инфекција во Република Македонија за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 82**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението во Република Македонија за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 83**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за трансплантација во Република Македонија за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 84**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за здравствена заштита на лица со душевни растројства во Република Македонија за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 85**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за рана детекција на малигни заболувања во Република Македонија за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 86**

Владата ја донесе Програмата за обезбедување на трошоците за болни кои се третираат со дијализа и активности за пациентите со хемофилија во Република Македонија за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 87**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за едукација на лекари и медицински персонал, за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени, како и за спроведување на обуки за вршење преглед на умрени лица за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 88**

Владата го донесе најновиот текст на Националната годишна програма за јавно здравје во Република Македонија за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 89**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2019 година, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој, поради потребата Министерството за труд и социјална политика во прилог на материјалот да достави податоци за целокупната инвестициска активност во делот на детската заштита (со сите податоци одделно по проекти - реална можност, дозвола за градба, парцела за градење, реконструкција, износ на средства, фаза на реализација, начин на плаќање и сл.).

**Точка 90**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица за 2019 година, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата

за човечки ресурси и одржлив развој, поради потребата Министерството за труд и социјална политика во прилог на материјалот да достави податоци за целокупната инвестициска активност во делот на детската заштита (со сите податоци одделно по проекти - реална можност, дозвола за градба, парцела за градење, реконструкција, износ на средства, фаза на реализација, начин на плаќање и сл.).

**Точка 91**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од задолжителна инклузија на децата со лесна психичка попреченост во редовните училишта во Република Македонија и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за образование и наука да воведе систем на следење на развојот на овие деца од страна на стручните инклузивни тимови во сите основни училишта во Република Македонија, најдоцна до март 2019 година и на квартално ниво да ја известуваат Владата за нивниот развој.

2. Се задолжуваат Министерството за образование и наука и Министерството за образование и наука - Бирото за развој на образование, во соработка со Министерството за труд и социјална политика и Министерството за здравство, во рок од три месеци да подготват унифицирани формулари за постапката за запишување и отпишување, како и за следење на развојот на децата во основните и средни специјални училишта кои ќе ги содржат сите потребни податоци за децата (социјална состојба, историјат на здравствена состојба, податоци за родителите, контакти од родителите) и за преземените активности да ја информираат Владата, најдоцна до март 2019 година.

3. Се задолжува Министерството за образование и наука во соработка со Министерството за труд и социјална политика и Министерството за здравство да подготви анализа за трансфер на децата со лесна психичка попреченост од училиштата за деца со посебни потреби во редовните училишта со предлог за група/групи на деца кои ќе може да се трансферираат од учебната 2019/2020 година и за истото да ја извести Владата, најдоцна до јуни 2019 година.

**Точка 92**

Владата ја разгледа Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на коефициентите и вредноста на коефициентот за пресметување на платите на директорите во националните установи од областа на културата, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на коефициентите и вредноста на коефициентот за пресметување на платите на директорите во националните установи од областа на културата, во предложениот текст.

**Точка 93**

Владата го донесе новиот текст на Решението за изменување на Решението за именување членови и нивни заменици за Комисијата за извоз на стоки и технологии со двојна употреба, во предложениот текст.

## Точка 94

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на затворската полиција за 2019 година, коригирана согласно укажувањето на Министерството за финансии, во насока вредноста на бодот за пресметување на платите на затворската полиција за периодот од 1.1.2019 година до 31.8.2019 година да изнесува 77,24 денари, а за периодот од 1.9.2019 година до 31.12.2019 година да изнесува 81,10 денари.

## Точка 95

Владата ја симна од Дневен ред Предлог-одлуката за отстапување на екстра лесно гориво од стоковните резерви на Министерството за внатрешни работи и Предлог-одлуката за издавање на краткотрајна позајмица на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Министерството за внатрешни работи имајќи ги предвид мислењата на Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати и Агенцијата за стоковни резерви.

## Точка 96

Владата го разгледа Барањето на Букурије Тахири, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и имајќи го предвид Мислењето на Министерството за надворешни работи - Сектор за следење на националните приоритети утврди негативно мислење по Барањето.

## Точка 97

Владата го разгледа Барањето на Асан Ибраими, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и имајќи го предвид новото Мислење на Министерството за надворешни работи - Сектор за следење на националните приоритети утврди позитивно мислење по Барањето.

## Точка 98

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за труд и социјална политика (витрини, маси, столици, плакари), во предложениот текст.

## Точка 99

Владата го разгледа новиот текст на Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (I фаза) и притоа го утврди следново мислење:

Владата на Република Македонија до Собранието на Република Македонија достави стручно мислење бр. 44.1-6297/1 од 22.8.2018 година, со наведени детални забелешки за корекција на определен број на одредби од Статутот, по кои по правило треба да постапи високообразовната установа.

Владата на Република Македонија го разгледа новодоставениот текст на Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и констатира дека сите забелешки дадени со

мислењето бр.44.1-6297/1 од 22.8.2018 година, се прифатени и инкорпорирани во новиот текст на Статутот.

Со оглед на тоа, Владата на Република Македонија нема дополнителни забелешки и дава позитивно мислење на Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**Точка 100**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 85 став 1 од Законот за административни службеници, поднесено од градоначалникот на Општина Охрид и притоа го утврди следното мислење:

Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18) ги уредува статусот, класификацијата, вработувањето, унапредувањето, стручното усовршување и оспособување, мерењето на ефектот и други прашања во врска со работниот однос на административните службеници. Административен службеник е лице кое засновало работен однос заради вршење на административни работи во органите на државната и локалната власт и другите државни органи основани согласно со Уставот и со закон, како и во институциите кои вршат дејности од областа на образованието, науката, здравството, културата, трудот, социјалната заштита и заштитата на детето, спортот, како и во други дејности од јавен интерес утврден со закон, а организирани како агенции, фондови, јавни установи и јавни претпријатија основани од Република Македонија или од општините, од градот Скопје, како и од општините во Градот Скопје.

Административни службеници се вработени кои вршат административни работи, односно стручно - административни, нормативно - правни, извршни, статистички, административно - надзорни, плански, информатички, кадровски, материјални, финансиски, сметководствени, информативни и други работи од административна природа.

Во член 4 од истиот закон е предвидено дека со овој закон се уредува статусот и други прашања во врска со работниот однос на административните службеници. По исклучок определени прашања во врска со работниот однос на административните службеници во судството и јавното обвинителство, дипломатијата, царинската и даночната администрација, инспекциските служби, државната ревизија и ревизијата на ИПА, регулаторните тела и Народната банка на Република Македонија, во целост или делумно, можат да бидат уредени со закон и со колективен договор, на начин различен од овој закон. Постапката за вработување на административни службеници регулирана со овој закон е задолжителна и за вработување на административни службеници во дипломатијата, царинската и даночната администрација, инспекциските служби, државната ревизија и ревизијата на ИПА, како и регулаторните тела. За административните службеници ќе се применуваат одредбите од овој закон за сите прашањата кои се однесуваат на нивниот работен однос кои не се уредени со посебните закони и со колективните договори. За прашањата кои се однесуваат на работниот однос на административните службеници, а кои не се уредени со овој закон, со Законот за вработени во јавниот сектор или со посебните закони и со колективните договори, се применуваат општите прописи за работните односи.

Во Глава XIV „Плата и надоместоци на плата на административните службеници“ е утврдено дека административниот службеник има право на плата и надоместоци на плата под услови

и критериуми утврдени со овој закон, освен ако со посебен закон и со колективен договор поинаку не е уредено. Платите и надоместоците на плати на административните службеници се обезбедуваат во Буџетот на Република Македонија, во буџетите на единиците на локалната самоуправа, како и од други извори на средства утврдени со закон.

Платите на административните службеници се пресметуваат во бруто износ, а се исплатуваат во нето паричен износ еднаш месечно во тековниот месец за претходниот месец. Придонесите и персоналниот данок од доход на административниот службеник ги плаќа институцијата со исплата на платата во согласност со закон. Институцијата е должна да води евиденција на платите, додатоците на платите, надоместоците на платите и исплатените придонеси од плата и персоналниот данок од доход и за нив на административниот службеник му издава потврда дека се исплатени, најдоцна до 1 февруари во тековната година, а за претходната година.

Со Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18) се уредуваат општите начела, класификацијата на работните места, евиденцијата, видовите на вработувања, општите права, должности и одговорности, мобилноста, како и други општи прашања за вработените во јавниот сектор. Со член 25 е предвидено дека „Вработените во јавниот сектор за својата работа имаат право на плата согласно со посебните закони, општите прописи за работните односи и колективните договори.".

Член 51 од Уставот на Република Македонија предвидува дека „Во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон".

Од анализата на претходно изнесените одредби, може да се заклучи секретарите во основните и средните училишта се административни службеници и за истите се применуваат одредбите од Законот за административни службеници во делот на плата и надоместоци од плата, освен ако истото не е регулирано на начин различен со посебен закон или колективен договор.

Врз основа на претходно изнесеното, член 85 став (1) од Законот за административни службеници е јасен и прецизен и за истиот не е потребно автентично толкување.

## Точка 101

Владата го разгледа Финансискиот план на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2019 година и Одлуката за висината на месечниот надомест што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од пензиските друштва за 2019 година и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 56 став (1) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија„ бр. 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/2010, 36/2011, 98/2012, 13/2013, 164/2013, 44/2014, 192/2015, 30/2016 и 21/2018), Агенцијата, најдоцна до 31 декември во тековната година, доставува финансиски план за наредната година на усвојување на Собранието на Република Македонија.

Според член 56 став (3) точка а) и став (4) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, Агенцијата наплатува месечен надомест на товар на пензиските друштва, најмногу до 0,8 проценти од секој уплатен придонес во претходниот месец во пензиските фондови со кои управуваат. Висината на надоместоците што ги наплатува Агенцијата ја утврдува Советот на експерти на Агенцијата, на која согласност дава Собранието на Република Македонија и истите се објавуваат во „Службен весник на Република Македонија“.

Со Агенцијата управува Советот на експерти на Агенцијата составен од пет члена. Претседателот и четворицата членови на Советот на експерти на Агенцијата ги именува и разрешува Собранието на Република Македонија на предлог на Владата на Република Македонија. Претседателот и двајца членови на Советот, кои врз основа на предлогот на Владата на Република Македонија на овој член ги определува Собранието на Република Македонија, професионално се ангажирани во Агенцијата со полно работно време и не можат да имаат друга функција и да бидат вработени на друго работно место или да добиваат друг надоместок освен плата. Агенцијата има вкупно околу 30 вработени.

Во доставениот Финансиски план на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2019 година, прикажани се вкупните планирани приходи за 2019 година во износ од 52.250.000 денари, од кои 48.500.000 денари од месечниот надоместок од 0,8% од вкупните придонеси што Агенцијата го наплатува од пензиските друштва, 2.800.000 денари од други административни надоместоци и 950.000 денари од приходи од камати. Во однос на планираните приходи од надомест од придонес за 2019 година видно е дека истите се пониски за 9.318.315 денари во однос на проценката за вкупниот надомест од придонес за 2018 година кој изнесува 57.818.315 денари. Врз основа на ова сметаме дека Агенцијата овие приходи треба да ги проектира во рамките на планираните средства за транзициони трошоци по основ на пензиска реформа во Буџетот на Република Македонија за 2019 година.

Вкупните планирани расходи за 2019 година се планирани да изнесуваат 52.228.000 денари и се прикажани во ставки на планирани трошења, при што вкупните планирани расходи за 2019 година се повисоки за 1,92 проценти од вкупните планирани расходи за 2018 година.

Подолу ги наведуваме ставките на планирани расходи во кои има поголеми разлики и зголемувања за 2019 год. споредено со финансискиот план за 2018 година:

- Во ставка 4. Други услуги, подставка 4.4 Одржување на ИБМ хардверска опрема, за 2018 година планирани се 400.000 денари додека за истата ставка предвидени се расходи во износ од 1.200.000 денари за 2019 година, кои ќе се покриваат од Резервниот фонд на МАПАС. Во 2018 година, од вкупно планираните средства за оваа ставка, реализирани се вкупно 399.663 денари. Во наративниот дел од Финансискиот план нема појаснување за разликата која се појавува во износот на планираните расходи за оваа ставка за 2018 година и планираните расходи за 2019 година. Исто така, не е јасно дали во оваа подставка се подразбира и набавка на компјутерска опрема, која е предвидена како посебна ставка во табелата под број 16. 1 Компјутерска опрема.

- Поголемо зголемување има во ставка 17. Други капитални средства, подставка 17.1 Канцелариски мебел. Во 2018 година за оваа ставка се планирани и реализирани 30.000 денари, додека за 2019 година планирани се 300.000 денари. Во наративниот дел од

финансискиот план не се спомнува ништо во врска со разликата во расходите која се појавува меѓу 2018 и 2019 година.

- Во ставка 17. Други капитални средства, подставка 17.4 Компјутерски софтвер - нов софтвер, за 2019 година се планирани 6.500.000 денари за набавка на нов компјутерски софтвер. Со финансиските планови за 2016, 2017 и 2018 година, Агенцијата исто така планирала и реализирала набавка на компјутерски софтвер во износ од 2.164.499 денари, 6.500.000 денари односно 6.254.540 денари. Со оглед на тоа дека и во 2019 година Агенцијата повторно планира набавка на нов компјутерски софтвер во износ од 6.500.000 денари, потребно е детално да ја образложи потребата и намената на овој софтвер.

Потребно е да се појасни потребата од набавка на нов софтвер за 2019 година.

Финансискиот план не содржи податок колку вкупно изнесува Резервниот фонд на МАПАС и се смета дека истиот треба да се прикажува како посебна ставка во рамките на вкупните приходи на МАПАС.

Во Одлуката за висината на месечниот надомест што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од пензиските друштва за 2019 година, висината на надоместокот се предвидува да изнесува 0,8% од секој уплатен придонес во претходниот месец во пензиските фондови со кои управуваат.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/2010), месечниот надомест што Агенцијата го наплатува на товар на пензиските друштва од најмногу 2,5% се намали на најмногу до 0,8% од секој уплатен придонес во претходниот месец во пензиските фондови со кои управуваат. Од 2010 до 2018 година МАПАС наплатува надоместок од 0,8% од секој уплатен придонес во претходниот месец во пензиските фондови со кои управуваат. Согласно Агенцијата, проекциите покажуваат дека месечниот надомест за 2019 година, како и претходните години, треба да остане во рамките на законски утврдениот лимит од 0,8% од секој уплатен придонес во претходниот месец во пензиските фондови со кои управуваат.

Потребно е да се преиспита висината на надоместокот за 2019 година, од причина што се зголемува членството во приватните пензиски фондови и уплатата на придонесите по кој основ Агенцијата остварува повисоки приходи од потребите на нејзиното работење.

Покрај овие забелешки, Владата на Република Македонија нема други забелешки во однос на Финансискиот план на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2019 година и Одлуката за висината на месечниот надомест што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од пензиските друштва за 2019 година.

## Точка 102

Владата го разгледа новиот текст на Статутот на Универзитет Американ колеџ - Скопје и притоа го утврди следново мислење:

Владата на Република Македонија достави стручно Мислење со бр.44-8898/1 од 22.10.2018 година со наведени детални забелешки за корекција на определен број на одредби од Статутот, по кои по правило треба да постапи високообразовната установа.

Во однос на ново доставениот Статут на Универзитетот „Американ колеџ“ - Скопје ве известуваме за следното:

По однос на забелешката која се однесува на член 5 од претходниот текст на Статутот, се упатува на одредбата од член 15 став 8 од Законот за високото образование, согласно која: единиците на универзитетот кои немаат својство на правно лице настапуваат во правниот сообраќај под називот на универзитетот во чијшто состав се и под својот назив, според овластувањата определени во статутот на универзитетот. Со оглед на тоа доколку единиците на универзитетот немаат свој печат, во тој случај истите во своето работење треба да го користат печатот на универзитетот. Според тоа се смета дека по член 5 од претходниот текст на Статутот треба да се вгради одредба во смисла, „Единиците на универзитетот во своето работење и во настапувањето во правниот промет го користат печатот на универзитетот.“.

Во врска со вградената одредба во член 16 од новиот текст на Статутот, како и повикувањето на член 41 од Законот за установите, се укажува дека со Законот за високото образование се уредуваат автономијата на универзитетот и академската слобода, условите и постапката за основање, статусни промени и престанок на високообразовните установи, нивната дејност, системот за обезбедување и оценување на квалитетот на високото образование, основите за организација, управување, развој и финансирање на високообразовната дејност, правата и обврските на студентите, признавањето на странските високообразовни квалификации и надзорот над работата на високообразовните установи. Согласно член 92 од Законот за високото образование, органи на универзитетот се универзитетски сенат, ректор и ректорска управа. На универзитетот се формира универзитетски совет како тело на универзитетот.

Приватен, односно приватно-јавен универзитет наместо универзитетски совет, може да има орган на основачот, со права и обврски утврдени со актот за основање и статутот на универзитетот, во согласност со овој закон. На универзитетот се формира универзитетско студентско собрание како тело на универзитетот.

Заради заштита на правата на студентите на универзитетот, се формира студентски правобранител како независно тело.

Согласно номотехничките правила на изготвување на правни акти, со Статут на Универзитет се уредуваат само оние прашања на кои упатува Законот.

Согласно тоа, а имајќи предвид дека во Законот не постои упатувачка одредба со која ова прашање може дополнително да биде уредено со Статут, произлегува дека конституирањето на други органи на универзитетот освен тие што се уредени во Законот за високото образование не е дозволено.

Исто така се укажува дека Законот за високото образование е специјален закон за работите на високото образование, со оглед на тоа има предимство при нормирањето пред сите други закони за проблематиката која е предмет на негово уредување (lex specialis derogat legi generali).

Во врска со точките 11, 13, 22 и 29 од Известувањето бр.02-2088/1 од 6.12.2018 година, а со кои се укажува на тоа дека не се прифаќаат забелешките по дадените членови на Статутот, како и по однос на Вашето толкување на автономијата на високообразовните установи, се смета дека начинот на кој ја толкувате автономијата на високото образование е несоодветен. Истото се однесува и по однос на воведувањето на нови методи на изразувањето на кредити кои не претставуваат востановена практика во образовниот систем на Република Македонија.

Имено, во член 7 од Законот за високото образование по однос на содржината на автономијата се наведува следното: Високото образование во Република Македонија се темели на автономија, во согласност со Уставот на Република Македонија, со ратификуваните меѓународни договори и со овој закон.

Високообразовните установи ја вршат својата дејност врз начелото на академската автономија. Автономијата на високообразовните установи ја вклучува и одговорноста на членовите на академската заедница кон општествената заедница во којашто дејствуваат. Со академската автономија се гарантира интелектуалната слобода на членовите на академската заедница и творечката природа на истражувачкиот и образовниот процес, како врвни вредности и способности. Автономијата на високообразовните установи вклучува академска слобода, автономија на управувањето, неповредливост на просторот, финансиска автономија, кадровска автономија и неприкосновеност на автономијата. Автономијата на високообразовните установи ужива судска заштита и високообразовната установа има право да покрене постапка пред надлежен суд во случај на нејзина повреда. Автономијата на високообразовните установи и академската заедница е неприкосновена, истата е гарантирана со Уставот на Република Македонија и Законот за високото образование.

Се укажува дека Законот за високото образование не ја ограничува автономијата на високообразовните установи, туку ја гарантира истата, притоа ги поставува и рамките на еден унитарен систем на високо образование во целата земја и ја гарантира неговата целовитост, целисходност и споредливост. Македонскиот високообразовен систем е исто така дел од единствениот европски високообразовен простор, кој пак се темели на Болоњскиот процес а ECTS е составен дел на овој процес. Оттука, поставувањето на нови правила, не познати за воспоставената законска пракса на високообразовниот простор на Република Македонија, претставува поместување од законските рамки поставени во Законот за високото образование, согласно кои се гарантираат главните принципи врз кои се темели високото образование во Република Македонија.

Со оглед на наведеното, Владата на Република Македонија стои на сите забелешки дадени со допис бр.44-8898/1 од 22.10.2018 година.

Министерот без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, д-р Зоран Шапуриќ, се иззема од расправата и одлучувањето по овој материјал.

**Точка 103**

Владата го разгледа новиот текст на Статутот на „Бизнис академија Смилевски - БАС“ - Скопје и притоа го утврди следното мислење:

Владата на Република Македонија достави стручно мислење со наведени детални забелешки за корекција на определен број на одредби од Статутот бр.44-7212/1 од 18.9.2018 година, по кои високообразовната установа требаше да постапи.

Во ново доставениот текст на Статутот на Самостојната висока стручна школа „Бизнис академија Смилевски - БАС"- Скопје постапено е по сите забелешки, односно истите се прифатени и инкорпорирани во новиот текст на Статутот.

Со оглед на ова, Владата на Република Македонија нема дополнителни забелешки и дава позитивно мислење на Статутот на Самостојната висока стручна школа „Бизнис академија Смилевски -БАС"- Скопје.

**<u>Точка 104</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Статутот на Факултетот за исламски науки - Скопје и притоа го утврди следново мислење:

Владата на Република Македонија до Факултетот за исламски науки - Скопје достави стручно мислење бр. 44-8882/1 од 22.10.2018 година, со наведени детални забелешки за корекција на определен број на одредби од Статутот, по кои по правило треба да постапи високообразовната установа.

Владата на Република Македонија го разгледа новодоставениот Статут на Факултетот за исламски науки - Скопје и Ве известува за следново:

Во членот 41 од новиот текст на Статутот, во точка 2 зборот „четиригодишна" треба да се замени со зборот „тригодишна", согласно член 110 став 1 точка 2 од Законот за високото образование.

Забелешката по однос на член 46 од првиот текст на Статутот, односно по член 58 од новиот текст Статутот, не е инкорпорирана во новиот текст на Статутот.

Согласно член 149 став 6 од Законот за високото образование, како што е наведено и во претходното мислење по овој статут, потребно е во Статутот на високообразовната установа да се регулира начинот на објавување на Конкурсот за запишување на студенти.

Забелешката по однос на член 116 став 5 од првиот текст на Статутот, односно по однос на член 129 од новиот текст на Статутот, не е инкорпорирана во новиот текст на Статутот.

Во текстот на Статутот да се врати посебната глава „Преодни и завршни одредби", забелешката од претходното мислење се однесувала само на член 130 од претходниот текст на Статутот.

Со оглед дека Статутот на факултетот го носи наставно-научниот совет на факултетот, истиот треба да биде потпишан само од органот кој го носи Статутот, а Исламската верска заедница на Република Македонија, како основач на факултетот, дава согласност на Статутот по добивање на мислење од Владата на Република Македонија. Се укажува дека Статутот треба да биде потпишан и заверен со архивски број и печат.

Освен горенаведеното, Владата на Република Македонија нема дополнителни забелешки по овој статут.

**Точка 105**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сашо Клисаровски од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 3358 за КО Драчево 2 за КП бр. 9313 и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 106**

Владата ја разгледа Понудата од нотарка Ана Јолакоска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 2568 за КО Јурумлери на КП бр. 153, место викано Н. Г. Делчев ул. „203“ бр.39 и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 107**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ленче Т. Каранфиловска од Штип, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.62 за КО Софилари на КП бр.30/3, КП бр.26/4, КП 26/5, КП бр.301/1, КП бр.30/2, КП бр.26/1, КП бр.26/3 и КП бр.26/6, место викано Преку Река и по Понудата ги усвои мислењата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Државното правобранителство на Република Македонија и Агенцијата за катастар на недвижности, како и Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 108**

Владата ја разгледа Понудата од нотарка Ана Јолакоска за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.36948 за КО Ѓорче Петров 1 Ново Село на КП бр.1751/1 викано место Ново Село и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 109**

Владата го разгледа Предлог-одговорот на пратеничко прашање од Жаклина Лазаревска, пратеничка во Собранието на Република Македонија поставено меѓу две седници на Собранието на Република Македонија, односно на 10 декември 2018 година (подготвен од Агенцијата за млади и спорт), го утврди Одговорот и заклучи да се достави до Собранието на Република Македонија.

**Точка 110**

**1.** Владата го именува Роберт Бекировски за вршител на должноста заменик на директорот на Агенцијата за лекови и медицински средства и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**2.** Владата ја именува Љупка Цикарска за членка на Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта.

**3.** Владата го разреши Далибор Атанасов од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом - Пехчево, на негово барање.

**4.** Владата го разреши Бојан Блажевски од должноста член на Управниот одбор на Централниот регистар на Република Македонија.
4.1. Владата го именува Никола Поповски за член на Управниот одбор на Централниот регистар на Република Македонија.
**5.** Владата за раководител, заменик раководител, секретар и членови на Координативното тело за интелектуална сопственост ги именува:

а) за раководител:
- Горан Герасимовски, заменик на директорот на Државниот завод за индустриска сопственост,

б) за заменик раководител:
- Ацо Стефаноски, од Министерството за култура,

в) за членови:
- Анастас Маженковски, од Царинската управа,
- д-р Ајтене Рамадани, од Министерството за внатрешни работи,
- Силвана Завојческа, од Државниот пазарен инспекторат,
- Јасмина Мајстороска, од Министерството за економија,
- Елеонора Настова-Димова, од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство,
- Ерсин Баки, од Секретаријатот за европски прашања,
- Славица Томовска, од Министерството за правда,
- Биљана Богорујчевска-Мушаревска, од Управата за јавни приходи.

г) за секретар:
- Наташа Здравковска-Коловска, од Државниот завод за индустриска сопственост.

**6.** Претседателот на Владата на Република Македонија од редот на министрите без ресор ги определи:
- Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и
- Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија.

## <u>Точка 111</u>

**1.** Владата заклучи Државниот инспекторат за труд да подготви и до Владата да достави информација за спроведувањето на исплатата на К-15 во приватниот сектор и за преземените мерки при непочитување на регулативите.

**2.** Владата заклучи Министерството за образование и наука, во соработка со Министерството за финансии, да подготви и за наредната седница на Владата да достави информација за тековната состојба и проблемите со кои се соочува Државниот студентски дом „Доне Божинов“ - Пробиштип, со соодветно Предлог-решение за надминување на ова прашање.

**3.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за период од 24.12.2018 година до 30.12.2018 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

**4.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за период од 31.12.2018 година до 7.1.2019 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

**5.** Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Македонија, за 2019 година (за одбележување на националниот ден на Србите во Република Македонија), во предложениот текст.

**6.** Владата заклучи да укаже на сите јавни претпријатија основани од државата, акционерски друштва во државна сопственост, агенции, јавни установи основани од државата, а да препорача на други правни лица основани од државата:

- да не доделуваат финансиски средства за спонзорства, стипендии или било каков друг вид на донации доколку остваруваат негативен финансиски резултат од нивното работење.

**Точка 112**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта за периодот јули - септември 2018 година, со дополнувањата, како материјал за информирање, со укажување во однос на прикажаните расходи за спонзорства и репрезентација, надлежните органи на претпријатието да преземаат мерки за намалување на непродуктивните расходи во вкупниот износ на трошоци на претпријатието.

**Точка 113**

Владата го разгледа Годишниот извештај за реализација на Годишната програма за стопанисување со пасишта за 2016 година, со дополнувања кон материјалот, како материјал за информирање.

**Точка 114**

Владата ја разгледа Годишната програма со Финансиски план на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта за 2019 година, со дополнувања кон материјалот, како материјал за информирање.

**Точка 115**

Владата го разгледа Извештајот за работата на ЈП Хидросистем „Злетовица“ Пробиштип за период од 1.7.2018 година до 30.9.2018 година, со дополнувањето, како материјал за информирање

**Точка 116**

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за финансиското работење на Акционерското друштво Водостопанство на Република Македонија, во државна сопственост, Скопје за периодот од 1.10.2017 до 31.12.2017 година, со дополнувањето, како материјал за информирање.

**Точка 117**

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за финансиското работење на Акционерското друштво Водостопанство на Република Македонија, во државна сопственост, Скопје за периодот од 1.1.2018-31.3.2018 година, со дополнувања, како материјал за информирање, при што предлагачот да ги има предвид укажувањата во мислењата на Министерството за финансии и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 118**

Владата ја разгледа Годишната програма за работа на Акционерското друштво Водостопанство на Република Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2019 година, со дополнувањата, како материјал за информирање.

**Точка 119**

Владата го разгледа новиот текст на Финансискиот план на Акционерското друштво Водостопанство на Република Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2019 година, како материјал за информирање, со укажување да се прилагоди делот од Финансискиот план за 2019 година кој се однесува на очекуваните приходи од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2019 година, мерка 124 и под мерка - останати инвестиции наменети од водостопанска инфраструктура.

**Точка 120**

Владата го разгледа новиот текст на Инвестиционата програма на Акционерското друштво Водостопанство на Република Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 121**

Владата го разгледа Известувањето на МЖ „Транспорт“ АД, во државна сопственост, за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за ноември 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 122**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работата на „М-НАВ“ АД - Скопје, за периодот јули-септември 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 123**

Владата го разгледа новиот текст на Тримесечниот извештај за финансиското работење на АД „Македонска информативна агенција“ - Скопје, во државна сопственост, за периодот од 1.1.2018 до 31.3.2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 124**

Владата го разгледа најновиот текст на Тримесечниот извештај за финансиското работење на АД „Македонска информативна агенција“ - Скопје, во државна сопственост, за периодот од 1.4.2018 до 30.6.2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 125**

Владата го разгледа новиот текст на Годишниот план за работа на АД „Македонска информативна агенција“ - Скопје, во државна сопственост за 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 126**

Владата го разгледа Финансискиот план на АД „Македонска информативна агенција“ - Скопје, во државна сопственост за 2019 година, со дополнувањето, како материјал за информирање.

**Точка 127**

Владата го разгледа најновиот текст на Годишната инвестициска програма на АД „Македонска информативна агенција“ - Скопје, во државна сопственост за 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 128**

Владата го разгледа Годишниот извештај за реализација на програмите за финансиска поддршка во земјоделството, руралниот развој и рибарство со аквакултура за 2017 година и ИПАРД Програмата, како материјал за информирање.

**Точка 129**

Владата го разгледа Полугодишниот извештај за реализација на програмите за финансиска поддршка во земјоделството, руралниот развој и рибарство со аквакултура и ИПАРД Програмата (за периодот 1.1.-30.6.2018 година), како материјал за информирање.

**Точка 130**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Финансиски план на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје од 1.1.2019 година до 31.12.2019 година, со Финансиски план на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје од 1.1.2019 година до 31.12.2019 година, Преглед на инвестициони активности и дополнувања кон материјалот, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата му препорача на Град Скопје, а ги задолжи Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски и Секретаријатот за законодавство да предложат начин за надминување на проблемот со запишување на имотот на стадионот во сопственост на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје.

**Точка 131**

Владата го одложи разгледувањето на Годишната програма за работа, Финансискиот план и Годишната инвестициона програма на МЕР АД Скопје за 2019 година, на барање на предлагачот, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе биде разгледана на Комисија за економски систем и тековна економска политика, поради потребата предлагачот до Владата да достави пополнет преглед на реализирани и планирани средства за бруто плати и средства со објаснување за потребата на планираното ангажирање на лица.

Истовремено, Владата заклучи Секретаријатот за законодавство на 10 јануари 2019 година да организира средба со МЕР АД Скопје, Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката и Управата за имотно-правни работи, со цел да го разгледаат проблемот со можноста за изнајмување на деловен простор на МЕР АД Скопје во катната гаража „Смилевски конгрес“ и согласно позитивните законски прописи да предложат конкретен предлог до Владата.

**Точка 132**

Владата го разгледа новиот текст на Финансискиот план на АД „Аеродроми на Македонија“ Скопје за 2019 година, со дополнувањето, како материјал за информирање.

**Точка 133**

Владата ги разгледа новите текстови на Финансискиот план, Годишната инвестициска програма и Годишниот план за јавни набавки на АД Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2019 година, со дополнувањата, како материјали за информирање, со следниве укажувања:

- реализацијата на Финансискиот план за 2019 година ќе претрпи соодветни промени во зависност од датумот на ставање во функција на универзалниот снабдувач,

- имајќи го предвид нискиот процент на реализација на Инвестиционата програма за 2018 година, органите на управување на АД ЕЛЕМ да преземат чекори за поголема реализација на активностите предвидени во Инвестиционата програма за 2019 година.

**Точка 134**

Владата ја разгледа Програмата за контрола и превентива на одделни физички, хемиски и биолошки опасности во определени видови или категории храна за 2019 година, како материјал за информирање, со укажување Агенцијата за храна и ветеринарство номотехнички да го усогласи текстот на Програмата со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 135**

Владата ја разгледа Програмата за работа на Инспекциски совет за 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 136**

Владата го разгледа новиот текст на Годишниот финансиски план за 2019 година на Државниот инспекторат за труд, како материјал за информирање.

**Точка 137**

Владата ја разгледа Годишната програма за работа на Државен просветен инспекторат за 2019 година (нов текст), како материјал за информирање.

**Точка 138**

Владата ја разгледа Годишната програма за работа на Државниот санитарен и здравствен инспекторат за 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 139**

Владата ја разгледа Програмата за работа на Дирекцијата за заштита и спасување за 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 140**

Владата ја разгледа Информацијата за Годишен финансиски план за 2019 година на Јавната установа Центар за образование на возрасните - Скопје, со текст на Годишен финансиски план за 2019 година, како материјал за информирање.

Исто така, Владата заклучи Министерството за образование и наука да ја разгледа можноста за проширување на донаторската сметка на Центарот, со цел да се овозможи користење на донацијата од Европската комисија за успешна реализација и завршување на Проектот од Програмата Еразмус+.

**Точка 141**

Владата ја разгледа Програмата за работа на Државниот испитен центар за 2019 година (новиот текст), со Финансиски план за реализација на активностите во Програма за работа на Државниот испитен центар, согласно Буџетот за 2019 година, како материјал за информирање, со укажување:

- потребното кадровско зајакнување да се обезбеди преку преземање на вработени од утврдениот суфицит на кадар кај другите институции, согласно мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 142**

Владата ја разгледа Годишната програма за работа на Центарот за стручно образование и обука за 2019 година, со Финансиски план за реализација на активностите од Годишната програма за работа за 2019 година, согласно одобрениот буџет на Центарот за 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 143**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со реализацијата на проектот „Модернизација на четири стадиони“, како материјал за информирање.

**Точка 144**

Владата го разгледа Барањето за поддршка на меѓуопштинската иницијатива за подобрување на отпорноста кон поплавите во Полошкиот Регион, како материјал за информирање со укажување:

- Министерството за транспорт и врски во рок од 15 дена да одржи состанок со претставници од општините во рамките на полошкиот плански регион, АД „Водостопанство на Република Македонија“, во државна сопственост, Скопје, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за финансии и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, со цел пристапување кон изработка на акциски план за подобрување на меѓуопштинската соработка, во рок од 30 дена.

**Точка 145**

Владата ја разгледа Информацијата на Управата за јавни приходи за прогресот на проектот „Листа на должници“ за периодот јули - декември 2017 година и јануари - јуни 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 146**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на активностите за доизградба на канализационата мрежа во Ѓорче Петров, како материјал за информирање.

**Точка 147**

Владата ја разгледа Програмата за обесштетување на дете кое е жртва или е оштетено со дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство, за 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 148**

Владата ја разгледа Информацијата за реализираниот Проект за користење услуга за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за лето 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 149**

Владата ја разгледа Информацијата за прогрес на имплементираните проекти од Стратегијата за Роми 2014-2020 во Министерството за труд и социјална политика (јуни - ноември 2018 година), како материјал за информирање.

## Точка 150

Владата ја разгледа Информацијата од претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражните постапки произлезени од меѓународните договори во врска со новата поведена арбитражна постапка против Република Македонија од страна на EL.PET.BALKANIKI, „Societe Anonyme Petroleum and Investment“ од Грција и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се формира Делегација во состав: д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, проф. д-р Тони Десковски, проф. д-р Татјана Зороска - Камиловска и д-р Љупчо Петкуќески, државен советник.

2. Се задолжува Делегацијата од погоре наведениот заклучок, во рок од седум дена, да оствари средба со претставниците на страната на тужителот EL.PET.BALKANIKI, „Societe Anonyme Petroleum and Investment“ (Грција), со цел изнаоѓање начин за можно вонсудско решение во спорот поведен од тужителот против Република Македонија пред Меѓународниот арбитражен суд на Интернационалната стопанска комора (ICC Arbitration).

3. Се задолжува д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, во рок од три дена од завршените разговори да ја информира Владата за текот и резултатите од извршените разговори, како и за идните активности и обврски кои треба да ги преземе Владата на Република Македонија во врска со арбитражната постапка поведена од страна на тужителот EL.PET.BALKANIKI, „Societe Anonyme Petroleum and Investment“ од Грција.

Министерката за правда, д-р Рената Дескоска се иззема од расправата и одлучувањето по овој материјал.

## Точка 151

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2019 година, во предложениот текст.

## Точка 152

Владата ја разгледа Информацијата за распределба на средства од Буџетот на Република Македонија за 2019 година, алоцирани во раздел 13001 - Министерство за транспорт и врски, потпрограма - поддршка на имплементација на Декадата и Стратегијата за Ромите, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и условно ја донесе Одлуката за распределба на средства од Буџетот на Република Македонија за 2019 година за поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите со заклучок Министерството за транспорт и врски да достави мислење по текстот на Одлуката.

*

*          *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:35 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**